Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Сто и шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 октомври 2019 година

Скопје, октомври 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 октомври 2019 година**

Седницата започна во 13:05 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваше Дејан Павлевски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

*

*        *

ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 155-та седница на Владата, одржана на 24 септември 2019 година**

**- Усвојување на Записникот од 156 - та седница на Владата, одржана на 2 октомври 2019 година**

**- Усвојување на Записникот од 158 - та седница на Владата, одржана на 8 октомври 2019 година**

## А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) Гости

1. Барање со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

2. Информација за одобрување на склучување Анекс за промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор и Анекс на Договор за изградба на затворен пливачки базен во Општина Охрид

3. Информација за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот - Самовработување со кредитирање и проектот - Кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места, со Предлог-одлука

4. Информација со барање Владата на Република Северна Македонија да донесе одлука за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука (Агенција за лекови и медицински средства)

5. Статутот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука

6. Информација со Програма за изменување и дополнување на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за 2018-2020 година, со Предлог-одлука

7. Информација за извршените инспекциски надзори за безбедноста на детските играчки кои се пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија за втор квартал од 2019 година

8. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Општа болница Струга)

9. Барање за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог-одлука (на Државен студентски дом „Скопје" - Скопје)

10. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижни ствари на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост

11. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

12. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметка на платите на вработените во Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост за 2019 година

13. Информација за пристигнат Допис од АД „Вардакс" во врска со исцрпувањето на расположливата готовина на АД „Вардакс" и дополнување на Информацијата, согласно Заклучокот бр.3 на Владата на Република Северна Македонија од 17.9.2019 година по Информацијата за Сто шеесет и третата седница на Одборот на директори на Претпријатието за Нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД, закажана за 17.9.2019 година, со прилози и дополнување

14. Предлог-одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината и Предлог-одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги „Пурпласт“ МК ДОО Скопје како закупец на земјиште, со Договор за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги „Пурпласт“ МК ДОО Скопје, како закупец на земјиште
15. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

16. Предлог-одлука за престанок на важност на Одлуката за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на Локална урбанистичко планска документација за градби со основна класа на намена А-1 домување во станбени куќи на КП бр.1174/161, КП бр.1668/70, КП бр.1173/2, КП бр.1173/3, КП бр.1173/4, дел од КП бр.1730 и дел од КП бр.1667/1 за КО Здуње, с. Здуње, Општина Македонски Брод

**б) економски систем и тековна економска политика**

17. Предлог-уредба за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година

18. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година

19. Информација за статусот и моменталната состојба на повеќенаменските водостопански објекти со предлог динамика за нивно запишување во сопственост на Република Северна Македонија

20. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/19 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение

21. Информација за работата на Меѓувладината Македонско - Руска комисија за трговско економска и научно - техничка соработка меѓу Република Северна Македонија и Руската Федерација

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на експресен пат А3, делница Штип-Кочани, со Предлог-одлука

23. Информација за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с. Иловица“, Општина Босилово со Предлог-одлука

24. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Краста“ с. Бешиште, Општина Прилеп

25. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерската документација за спроведување на постапката за локалитетот „с. Ореовец“ Општина Прилеп, со нови текстови на Јавен повик и Тендерска документација

26. Информација во врска со Јавен повик и Тендерска документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас CO2 на локалитетот кај с. Брод и с .Бач, Општина Новаци по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас CO2 на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци бр. 45 - 4142/1 од 25.6.2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.132/2019), со нов текст на Тендерска документација

27. Информација за престанок на користење на еднократно пакување и пластика во органите на државната управа

28. Информација за доделување државна помош на Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, со текст на Договор

**в) политички систем**

29. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, по скратена постапка

30. Предлог-методологија за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија

31. Предлог-упатство за изменување и дополнување на Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија

32. Извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари - јуни 2019 година)

33. Информација за ИПА проект „Јакнење на е-Влада“

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

34. Информација со Предлог-решение за изменување на Решението за назначување на членови на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации

35. Информација за склучување на Договор за пристап до базите на EBSCO Publishing

36. Информација за потребата од набавка и инсталација на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија

37. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ „Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија" - Скопје

38. Информација за Национална стратегија за контрола на антимикробна резистенција, со Акциски план, 2019-2023 година

39. Информација со Акциски план за зајакнување на ургентните служби во клиничките болници

40. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, со Ревидиран оперативен план

## Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) политички систем

41. Информација по барање на о. Врапчиште за проблемот со снабдување со вода за пиење на с. Градец

42. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка" во Исламската Република Авганистан

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита и спасување

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Скопје - Скопје

**б) човечки ресурси и одржлив развој**

46. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје, придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско - Струмица

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза - Јасеново

**в) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

49. Предлог-закон за изменување на Законот за данок на добивка, по скратена постапка, поднесен од Диле Велковски и Чедомир Саздовски

50. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите по скратена постапка, поднесен од пратеникот Снежана Калеска-Ванчева

51. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спортот, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

52. Иницијатива од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.114/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 68 став 3 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18)

53. Иницијатива поднесена од Борис Јанкуловски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.122/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 67 алинеја 2 од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/2019)

54. Иницијатива од адвокат Ибраим Бајрами од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.112/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10 став 1 алинеја 2, член 14 став 1 алинеја 2 и член 67 став 1 алинеја 2 од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/19)

55. Иницијатива поднесена од Ристо Бачев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.119/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 63 став 4 алинеја 3 во делот: „очигледно“ и „односно се однесува на факти кои веќе биле предмет на разгледување од повисок суд во постапка по правен лек или можеле да бидат предмет на разгледување од повисок суд, но не биле покренати со правен лек“ од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019)

56. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.123/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став 5 точка 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019), поднесена од Ванчо Велинов од Скопје

57. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.284 за КО Берово на КП бр.3881 викано место/улица Манакија

58. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист Бр.8129, КП бр.4810 за КО Ресен, доставена од нотар Николче Павловски од Ресен

59. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5197 за КО Сингелиќ 1 на КП бр. 2177 викано место/улица Спиро Црне

60. Понуда од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111601 за КО Центар 1 на КП бр.10916/1 и КП бр.10916/3 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111602 за КО Центар 1 на КП бр. 10918/1 и КП бр. 10918/3, викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр.111604 за КО Центар 1 на КП бр. 10939, викано место М.Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111599 за КО Центар 1 на КП бр. 10922/1 викано место М.Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111587 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/2, КП бр. 10914/6, КП бр. 10914/7 и КП бр. 10914/8 викано место И. Р. Лола, Имотен лист бр. 111600 за КО Центар 1 на КП бр. 10923/1 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111592 за КО Центар 1 на КП бр. 10911/9 викано место М.Т. Гологанов, Имотен лист бр.111590 за КО Центар 1 на КП бр. 10941/2, КП бр. 10941/4 викано место М.Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111596 за КО Центар 1 на КП бр. 10917/1 викано место М.Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111586 за КО Центар 1 на КП бр. 10901/6 викано место И.Р. Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/5 викано место И.Р. Лола, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/16, КП бр. 10913/25, КП бр.10913/26 и КП бр. 10913/30 викано место И.Р. Лола, Имотен лист бр. 111591 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/3 и КП бр. 10915/5 викано место И.Р. Лола и Имотен лист бр. 111581 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/2

**г) други предлози**

61. Кадровски прашања

62. Прашања и предлози

## В. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

63. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за септември 2019 година

64. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1.1.2019 година до 31.3.2019 година, со Мислење од Надзорен одбор за материјално- финансиско работење и Одлука од Управен одбор

65. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц. о., за период од 1.4.2019 година до 30.6.2019 година, со Мислење од Надзорен одбор за материјално - финансиско работење и Одлука од Управен одбор

66. Информација за мерките што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на класична чума кај свињите во Република Северна Македонија за период од 1.2.2019 до 31.7.2019 година

67. Информација за мерките што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на класична чума кај свињите во Република Северна Македонија за периодот 1.7.2018 година - 31.1.2019 година

68. Годишен извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2018 година ДП.Бр.02-271/19

69. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план за 2019 - 2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012 - 2020 година (за период јануари - јуни 2019 година)

70. Информација за запознавање со состојбата во врска со процесот на проценка и утврдување на висината на штетата настаната на движниот и недвижниот имот на подрачјето на Охридскиот и Струшкиот регион на 17 март 2018 година заради неповолни климатски настани

71. Информација за продажба на движни опасни и експлозивни ствари

## Г. ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

72. Информација за статусот на постапките за преземање на вработените од Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците во институции од јавен сектор

73. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У. Бр. 81/19 (КО Центар 1)

74. Предлог-програма за субвенционирање на дел од трошоците за купување и вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата

75. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

76. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за давање на заем на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД, Скопје

77. Информација за сузбивање на даночна евазија во Е - трговијата

78. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка

79. Барање за давање на автентично толкување на член 161 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19 и 180/19), поднесено од пратеникот Јагода Шахпаска

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 155-та, 156-та и 158-та седница на Владата, одржани на 24 септември, 2 и 8 октомври 2019 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за наредната седница на Владата.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на склучување Анекс за промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор и Анекс на Договор за изградба на затворен пливачки базен во Општина Охрид и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се одобрува промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор и Анекс на Договор за изградба на затворен пливачки базен во Општина Охрид.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да пристапи кон склучување Анекс на Договор за изграба на затворен пливачки базен во Општина Охрид за промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските.

3. Се задолжуваат Агенцијата за млади и спорт во Анексот на Договорот за изградба на затворен пливачки базен во Општина Охрид да предвиди затворениот пливачки базен да биде изграден заклучно со 31.12.2020 година, согласно следнава динамика на плаќање:

- 2019 година - до 111.205.245,00 денари,
- 2020 година - до 50.000.000,00 денари и
- 2021 година - до 90.000.000,00 денари,

односно до реално утврдените количини, согласно доставената завршна ситуација, но не повеќе 297.714.000,00 денари.

4. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт средствата да ги предвиди во буџетските циркулари за 2020 и 2021 година.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот - Самовработување со кредитирање и проектот - Кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот -

самовработување со кредитирање и проектот - кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата со барање Владата на Република Северна Македонија да донесе одлука за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го разгледа најновиот текст на Статутот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата со Програма за изменување и дополнување на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за 2018-2020 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за 2018-2020 година, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за извршените инспекциски надзори за безбедноста на детските играчки кои се пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија за втор квартал од 2019 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство во рок од 20 дена до Владата да го достави Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за санитарна и здравствена инспекција.

2. Се задолжува Министерството за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат, во рок од 15 дена да достави до Владата информација за состојбата со човечките ресурси во Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

## Точка 8

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата по новиот текст на Барањето за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Државниот студентски дом „Скопје" - Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Државниот студентски дом „Скопје" - Скопје.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметка на платите на вработените во Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост за 2019 година, во предложениот текст, со оглед на тоа што Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост се финансира од сопствени средства.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за пристигнат Допис од АД „Вардакс" во врска со исцрпувањето на расположливата готовина на АД „Вардакс "и дополнување на Информацијата, согласно Заклучокот бр.3 на Владата на Република Северна Македонија од 17.9.2019 година по Информацијата за Сто шеесет и третата седница на Одборот на директори на Претпријатието за Нафтовод Солун - Скопје - „Вардакс" АД, закажана за 17.9.2019 година, со прилози и дополнувањето кон неа и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува „Нафтовод" ДООЕЛ - Скопје да оствари комуникација со АД „Вардакс" и притоа да ги утврди сите карактеристики, постапка и начин за утврдување на трошоците и инвестициите, да ја утврди улогата на Република Северна Македонија во процесот на одлучување, како и да може Република Северна Македонија да вклучи и наша ревизорска куќа која ќе може да направи ревизија на Инвестиционата програма на АД „Вардакс" и

нејзината оправданост  и потоа за исходот од истото да ја информира Владата во рок од 30 дена.

**Точка 14**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината и Предлог-одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги „Пурпласт МК“ ДОО Скопје како закупец на земјиште, со Договор за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги „Пурпласт МК“ ДОО Скопје, како закупец на земјиште и ги донесе одлуките со заклучок до потпишување Агенцијата за катастар на недвижности да достави мислење по истите.

**Точка 15**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Град Скопје, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Град Скопје, во предложениот текст.

3. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Град Скопје, во предложениот текст.

4. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок на важност на Одлуката за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на Локална урбанистичко планска документација за градби со основна класа на намена А-1 домување во станбени куќи на КП бр.1174/161, КП бр.1668/70, КП бр.1173/2, КП бр.1173/3, КП бр.1173/4, дел од КП бр.1730 и дел од КП бр.1667/1 за КО Здуње, с. Здуње, Општина Македонски Брод, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 17**

Владата ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 18

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за статусот и моменталната состојба на повеќенаменските водостопански објекти со предлог динамика за нивно запишување во сопственост на Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена да формира работна група со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за водостопанство, АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, Агенција за катастар на недвижности и Министерство за транспорт и врски, со цел преземање на сите неопходни активности за започнување на постапки за легализација на повеќенаменските водостопански објекти за нивно запишување во сопственост на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да предвиди финансиски средства во износ од 655.372.000,00 денари во следните 5 (пет) буџетски години (2020 - 2024 година) во рамки на подрачјето на дејствување на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост - Скопје за изработка на геодетски елаборати за утврдување на фактичка состојба за постоечката инфраструктура и водостопански објекти.

## Точка 20

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/19 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст.

2. Го донесе најновиот текст на Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Меѓувладината Македонско - Руска комисија за трговско економска и научно - техничка соработка меѓу Република Северна Македонија и Руската Федерација и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за организацијата на состаноците на Меѓувладината Македонско - Руска комисија кои ќе се одржат во Скопје и Охрид на 14 и 15 ноември 2019 година.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди транспорт за учесниците на состаноците на Меѓувладината Македонско - Руска комисија кои ќе се одржат во Скопје и Охрид на 14 и 15 ноември 2019 година.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на експресен пат А3, делница Штип-Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на експресен пат А3, делница Штип-Кочани, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за еднострал раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с. Иловица", Општина Босилово со Предлог-одлука, поради потребата да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Краста" с. Бешиште, Општина Прилеп, ја усвои Информацијата и го одобри новиот текст на Тендерската документација за спроведување на постапката за локалитетот „Краста" с. Бешиште, Општина Прилеп.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерската документација за спроведување на постапката за локалитетот „с. Ореовец" Општина Прилеп, со нови текстови на Јавен повик и Тендерска документација, ја усвои Информацијата и го одобри новиот текст

на Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавен повик и Тендерска документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас CO2 на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас CO2 на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци бр. 45 - 4142/1 од 25.6.2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.132/2019), со нов текст на Тендерска документација, ја усвои Информацијата и го одобри новиот текст на Тендерска документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за престанок на користење на еднократно пакување и пластика во органите на државната управа (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија веднаш да се обрати до четири оператори за поставување опрема за рециклирање во сите министерства.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, за наредната седница на Владата да достави информација за алтернативите кои постојат за замена на употребата на пластиката.

## Точка 28

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за доделување државна помош на Друштво за производство на електрична и топлинска енергија „ТЕ-ТО“ АД Скопје, со текст на Договор за доделување на државна помош и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за доделување државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство на електрична и топлинска енергија „ТЕ-ТО“ АД Скопје.

2. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, ќе го потпише Договорот за доделување на државна помош со примателот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија „ТЕ-ТО“ АД Скопје.

3. Примерок од склучениот Договор за доделување државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство на електрична и топлинска

енергија „ТЕ-ТО“ АД Скопје, најдоцна во рок од 8 дена, да се достави до Министерство за финансии -Управа за јавни приходи.

Истовремено, Владата ѝ укажува на Комисијата за заштита на конкуренцијата да постапи по Законот за контрола на државната помош и согласно член 8 став 3, во рок од 30 дена, до Владата да достави соодветна предлог-уредба.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, по скратена постапка и заклучи:

1.Министерството за одбрана текстот на Предлог-законот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2.Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Упатството за изменување и дополнување на Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го разгледа и прифати новиот текст на Извештајот за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари - јуни 2019 година), со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за надворешни работи и Министерството за локална самоуправа, најдоцна во рок од пет, дена Годишниот план за спроведување на ПВР за 2019 година да го објават на Единствениот национален електронски регистар на прописи.

2. Се задолжуваат сите министерства Нацрт-извештајот за ПВР да го доставуваат на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација по истекот на минималниот рок од 20 дена за консултација на Единствениот национален електронски регистар на прописи.

3. Се задолжуваат сите министерства објавувањето на известувањето за почеток на подготовка на предлог-закон, Нацрт-извештајот за ПВР и текстот на предлогот на закон на Единствениот национален електронски регистар на прописи, да го вршат преку системот за Е-влада.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за ИПА проект „Јакнење на е-Влада" и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за правда - Управа за водење на матични книги, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи и Министерството за локална самоуправа да ја потпишат изјавата за прифаќање и да ја достават до Министерството за информатичко општество и администрација, најдоцна до 25.10.2019 година.

2. Се укажува на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Јавното претпријатие за државни патишта да ја потпишат изјавата за прифаќање и да ја достават до Министерството за информатичко општество и администрација, најдоцна до 25.10.2019 година.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја достави целата тендерска документација до Делегацијата на Европската Унија, најдоцна во рок од три дена по добивање на потпишаните изјави за прифаќање.

**Точка 34**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Предлог-решение за изменување на Решението за назначување на членови на Националниот одбор за Македонска рамка на

квалификации, поради потребата од дополнително усогласување и да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 35**

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Информацијата за склучување на Договор за пристап до базите на EBSCO Publishing, со заклучок предлагачот пред потпишувањето кон Информацијата да го приложи Договорот преведен на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

**Точка 36**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од набавка и инсталација на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 37**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје и го усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020, 2021 и 2022 година на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје во вкупна вредност од 92.500.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 36.950.000,00 денари во 2020 година од кои дел се авансно плаќање по доставена банкарска гаранција и прва рата по нејзино клиничко ставање во функција, предвидени во буџетскиот циркулар за 2020 година,

- 27.650.000,00 денари во првиот квартал од 2021 година и

- 27.650.000,00 денари во првиот квартал од 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство да ги планира потребните средства за реализација на наведената набавка во сопствениот буџет за 2020, 2021 и 2022 година.

3. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија -

Скопје да утврди цени за услугите на новата машина за вршење на зрачна терапија и истиот соодветно да го предвиди во Буџетот на Клиниката од 2020 година па натаму.

**Точка 38**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за Национална стратегија за контрола на антимикробна резистенција, со Акциски план, 2019-2023 година и го усвои новиот текст на Националната стратегија за контрола на антимикробна резистенција, со Акциски план, 2019-2023 година.

**Точка 39**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата со Акциски план за зајакнување на ургентните служби во клиничките болници и го прифати на Акцискиот план за зајакнување на ургентните служби во клиничките болници.

**Точка 40**

Владата:

1. Го разгледа и усвои новиот текст на Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, со Ревидиран оперативен план.

2. Го разгледа и прифати новиот текст на Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, при што да се има предвид укажувањето на Секретаријатот за законодавство дека не можат да се предвидат средства без закон, како и да се имаат во предвид сите аспекти од оваа мерка, а особено даночните ефекти.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата по барање на о. Врапчиште за проблемот со снабдување со вода за пиење на с. Градец, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка" во Исламската Република Авганистан, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на

министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 43**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита и спасување, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Скопје - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје, придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско - Струмица, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза - Јасеново, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата не расправаше по Предлог-законот за изменување на Законот за данок на добивка, по скратена постапка, поднесен од Диле Велковски и Чедомир Саздовски.

## Точка 50

Владата го симна од Дневен ред Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Снежана Калеска-Ванчева.

## Точка 51

Владата го симна од Дневен ред Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 52

Владата ја разгледа Иницијативата од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.114/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 68 став 3 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18) и притоа го утврди следното мислење:

Предлагачот на Иницијативата, наведува дека Законот за нотаријатот со оспорената одредба предвидувал единствено доверителот кој има побарување, а кое произлегувало од пружање на комунални услуги, „по исклучок“ за одредени износи, да биде ослободен од плаќање на судската такса, па воопшто не било јасно од каде произлегувала потребата да се предвиди една ваква нерамноправна обврска за странките кои учествуваат како доверители во постапките за издавање на нотарски платен налог пред нотарите и поради кои причини воопшто се привилигирал токму доверителот кој пружал комунални услуги, во ситуација кога сите други физички и правни лица задолжително подлежат на обврска да платат судска такса, а пак доколку истата не ја плателе при поведување на постапката пред нотарот, во тој случај нотарот ќе донел решение со кое предлогот ќе го смета за повлечен.

Подносителот наведува дека со оглед на тоа што со оспорената одредба овие даватели на услуги се издигнувале на поинакво рамниште во однос на сите останати доверители, сметал дека основано можело да се постави прашањето за неговата согласност со принципот на еднаквост на граѓаните, предвиден во членот 9 став 2 од Уставот, односно со оспорената одредба основано можело да се постави прашањето за нејзината согласност со членот 8 став (1) алинеја 3 од Уставот и правната сигурност како елемент на владеењето на правото, а сето тоа во врска со членот 9 од Уставот, односно еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите.

Наводите на подносителот на Иницијативата се неосновани во целост од следните причини:

Во член 68 од Законот за нотаријатот, кој се однесува на предлог за издавање на решение за нотарски платен налог, во став (3) се пропишува дека по исклучок од став (2) од овој член, предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог од страна на доверител за побарување кое произлегува од комунални услуги и тоа:

- за вода, смет и одржување на заеднички простории за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6.000,00 денари,

- за електрична или топлинска енергија за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 15.000,00 денари,

- за телефонија, мобилни оператори или кабелски оператори за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6.000,00 денари, се поднесува непосредно до нотарот, без плаќање на обврската за судска такса.

Според член 75 став (3) од Законот за нотаријатот, наградата и надоместокот на трошоците кои доверителот му ги платил на нотарот и адвокатот се трошоци на постапката кои треба должникот да му ги плати на доверителот.

Имено судските такси кои ќе ги плати доверителот се трошоци на постапката пред нотар и доверителот кои ги платил ќе ги побарува од должникот во постапка за извршување.

Од горенаведеното тоа не се трошоци на доверителот, ниту доверителот се става во поповолна положба, туку истите се трошоци на должникот односно доверителот ќе ги поврати од должникот, доколку должникот го плати долгот по издавањето на решението за нотарски платен налог или во постапка за извршување доколку должникот не го плати претходно долгот.

Одредбата од член 68 став (3) од Законот за нотаријатот, во делот дека предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог од страна на доверител за побарување кое произлегува од комунални услуги се поднесува непосредно до нотарот, без плаќање на обврската за судска такса, е пропишана со цел олеснување на положбата на должниците и спречување на настанување на дополнителни трошоци за нив доколку заборавиле или не биле известени дека треба да платат некоја фактура за комунална услуга во случаите наведени во исклучокот од став (2) од истиот член, по која доверителот повел постапка пред нотар за издавање на решение за нотарски платен налог.

Имајќи го предвид горенаведеното, оспорената одредба од член 68 став (3) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18), е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 68 став (3) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18).

## Точка 53

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Борис Јанкуловски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.122/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 67 алинеја 2 од Законот за Агенција за

национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/2019) и притоа го утврди следното мислење:

Со посочениот член од Законот за Агенција за национална безбедност се пропишуваат општите и посебните услови за засновање на работен однос во Агенцијата, а оспорената одредба се однесува на тоа кандидатот за работник во Агенцијата да нема државјанство на друга држава.

Членот 2 од Законот за Агенција за национална безбедност ја утврдува целта заради која се основа Агенцијата. Имено, согласно наведената одредба Агенцијата за национална безбедност се основа заради заштита на националната безбедност на државата, односно заради заштита на независноста, суверенитетот, уставното уредување, основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, како и други работи од интерес на националната безбедност на државата.

Согласно членот 4 став (1), Агенцијата е надлежна да собира, обработува, анализира, проценува, разменува, чува и штити податоци и информации со цел откривање и спречување на активности што се поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата и тоа:
- шпионажа,
- тероризам и негово финансирање,
- насилен екстремизам,
- сите форми на сериозни и организирани криминални активности насочени против државата,
- спречување на кривични дела против човечноста и меѓународното право,
- незаконито производство и пролиферација на оружје за масовно уништување или нивни компоненти, како и материјали и уреди кои се потребни за нивно производство,
- нарушување на виталните економски интереси и финансиската безбедност на државата,
- нарушување на безбедноста на носители на високи државни функции и на објекти од стратешко значење за државата,
- откривање и спречување на други активности поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата.

Содржината на наведените одредби, јасно укажува на сензитивноста на предметот на уредување на овој закон, како и на сериозноста на полето на делување, односно надлежноста на Агенцијата за национална безбедност.

Во Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/1992, 8/2004, 98/2008, 158/2011 и 55/2016) во член 1 став (2) е утврдено дека државјанството е правна врска меѓу лицата и државата и не го означува етничкото потекло на лицата.

Пропишувањето на посебниот услов - кандидатот за работник во Агенцијата да нема државјанство на друга држава, претставува еден вид гаранција за кредибилитетот на вработените во Агенцијата, кои совесно и чесно ќе ги извршуваат доверените работи и

задачи, притоа имајќи ги предвид нивниот вид и карактер. Истовремено, со наведеното решение би се исклучила можноста за појава на елементи на сомнение што би ги направиле вработените недостојни за вршење на работите, а кои се поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата (шпионажа, тероризам, насилен екстремизам и слично). Во контекст на наведеното, се цени дека постојното решение создава нормативни предуслови за реализација на успешно функционирање на Агенцијата, кое директно се одразува врз заштитата на безбедноста на државата.

Покрај изнесеното, се посочува дека оспорениот услов не претставува новина во законодавството. Имено, ако се имаат предвид компаративните искуства, во законодавството на одделни земји-членки на Европската унија, како и во законодавството на земјите од регионот се предвидува овој услов. Во овој контекст се укажува и на активната вклученост на меѓународниот фактор во изготвувањето на законот, посветувајќи особено внимание на секој сегмент на уредување на овој закон.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 67 став (1) алинеја 2 од Законот за Агенција за национална безбедност.

## <u>Точка 54</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Ибраим Бајрами од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.112/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10 став 1 алинеја 2, член 14 став 1 алинеја 2 и член 67 став 1 алинеја 2 од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/19) и притоа го утврди следното мислење:

Со посочените членови од Законот за Агенција за национална безбедност се пропишуваат условите за именување и разрешување на директорот и заменикот на директорот на Агенцијата, како и општите и посебните услови за засновање на работен однос во Агенцијата, а кои се однесуваат на тоа кандидатот за директор, заменик на директор или работник во Агенцијата да нема државјанство на друга држава.

Член 2 од Законот за Агенција за национална безбедност ја утврдува целта заради која се основа Агенцијата. Имено, согласно наведената одредба Агенцијата за национална безбедност се основа заради заштита на националната безбедност на државата, односно заради заштита на независноста, суверенитетот, уставното уредување, основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, како и други работи од интерес на националната безбедност на државата.

Согласно член 4 став (1), Агенцијата е надлежна да собира, обработува, анализира, проценува, разменува, чува и штити податоци и информации со цел откривање и спречување на активности што се поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата и тоа:

- шпионажа,
- тероризам и негово финансирање,
- насилен екстремизам,
- сите форми на сериозни и организирани криминални активности насочени против државата,
- спречување на кривични дела против човечноста и меѓународното право,
- незаконито производство и пролиферација на оружје за масовно уништување или нивни компоненти, како и материјали и уреди кои се потребни за нивно производство,
- нарушување на виталните економски интереси и финансиската безбедност на државата,
- нарушување на безбедноста на носители на високи државни функции и на објекти од стратешко значење за државата,
- откривање и спречување на други активности поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата.

Содржината на наведените одредби, јасно укажува на сензитивноста на предметот на уредување на овој закон, како и на сериозноста на полето на делување, односно надлежноста на Агенцијата за национална безбедност.

Во Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.67/92, 8/04, 98/08,158/11 и 55/16) во член 1 став (2) е утврдено дека државјанството е правна врска меѓу лицата и државата и не го означува етничкото потекло на лицата.

Пропишувањето на посебниот услов - кандидатот за директор, заменик на директор или работник во Агенцијата да нема државјанство на друга држава, претставува еден вид гаранција за кредибилитетот на вработените во Агенцијата, кои совесно и чесно ќе ги извршуваат доверените работи и задачи, притоа имајќи ги предвид нивниот вид и карактер. Истовремено, со наведеното решение би се исклучила можноста за појава на елементи на сомнение што би ги направиле вработените недостојни за вршење на работите, а кои се поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата (шпионажа, тероризам, насилен екстремизам и слично). Во контекст на наведеното, постојното решение создава нормативни предуслови за реализација на успешно функционирање на Агенцијата, кое директно се одразува врз заштитата на безбедноста на државата.

Покрај изнесеното, оспорениот услов не претставува новина во законодавството. Имено, ако се имаат предвид компаративните искуства, во законодавството на одделни земји - членки на Европската Унија, како и во законодавството на земјите од регионот се предвидува овој услов. Во овој контекст се укажува и на активната вклученост на меѓународниот фактор во изготвувањето на Законот, посветувајќи особено внимание на секој сегмент на уредување на овој закон.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10 став (1)

алинеја 2, член 14 став (1) алинеја 2 и член 67 став (1) алинеја 2 од Законот за Агенција за национална безбедност.

## Точка 55

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Ристо Бачев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.119/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 63 став 4 алинеја 3 во делот: „очигледно" и „односно се однесува на факти кои веќе биле предмет на разгледување од повисок суд во постапка по правен лек или можеле да бидат предмет на разгледување од повисок суд, но не биле покренати со правен лек" од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019) и притоа го утврди следново мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија Иницијативата за оценување на уставноста на членот 63 став 4 алинеја 3 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија во делот :„очигледно" и „односно се однесува на факти кои веќе биле предмет на разгледување од повисок суд во постапка по правен лек или можеле да бидат предмет на разгледување од повисок суд, но не биле покренати со правен лек" поднесе Ристо Бачев укажувајќи дека оспорената одредба не била во согласност со членот 8 став 1 алинеи 1,3,4 и 10, член 9, член 14 став 2 и уставните амандмани XXI, XXV, точка 2 подточка 2, XXVI точка 1 алинеи 6 и 7 и XXIX точка 1 алинеи 4 и 5 од Уставот на Република Северна Македонија. Подносителот на иницијативата смета дека со оспорената одредба законодавецот покрај установените законски начела за неоснованост, поставил и дополнителен услов за поднесување барања за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд од подносители и граѓани бидејќи сега Советот можел да отфрли барање или преставка на граѓаните и како „очигледно" неоснована. Понатаму во иницијативата се наведува дека со вака конципирана одредба во пракса се суспендирал Законот за поднесување на преставки и предлози.

Се смета дека поднесената иницијатива е неоснована од следните причини:

Според членот 2 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија „Судскиот совет на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот) е самостоен и независен орган на судството. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите."

Според членот 36 од цитираниот закон, меѓу другото Советот е надлежен: да одлучува за дисциплинска одговорност на член на Советот, одлучува за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, како и да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

Во ставовите 2 и 3 на членот 36 се наведува дека : „Советот задолжително најмалку еднаш во месецот одржува седница на која расправа поединечно по сите претставки и поплаки

поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, како и за одолжување на судските постапки и одлучува за секоја одделна претставка и поплака, најдолго во рок од 60 дена од денот на нивниот прием во Советот.
(3) Седницата на Советот од ставот (2) на овој член е јавна."

Според наведените одредби законодавецот направил јасна дистинкција помеѓу постапка по поднесена преставка и поднесено барање за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд. Подносителот на иницијативата не прави разлика помеѓу поднесена преставка и поднесено барање за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд.

Имено, во членот 62 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија се наведува дека барањето за утврдување на одговорност на судија мора да биде образложено со точно наведени податоци за кој судија односно претседател на суд се однесува, каква повреда е сторена, законски назив на повредата како и предлог докази кои треба да се изведат на расправата.

Законодавецот дава можност секој кој има правен интерес да може да поднесе предлог за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, но истовремено јасно ги дефинирал основите во кој случај и на кој начин истото треба да биде сторено, а се со цел да се овозможи независност, непристрасност во одлучувањето и да се заштити судијата од поднесување на барања за утврдување на одговорност од обест.

За таа цел во членот 63 со кој се уредува постапувањето по поднесеното барање за утврдување на одговорност законодавецот предвидел формирање на Комисија на известители која првично го разгледува барањето и истото ќе го отфрли доколку истото е ненавремено, нецелосно или очигледно неосновано, односно се однесува на факти кои веќе биле предмет на разгледување од повисок суд во постапка по правен лек или можеле да бидат предмет на разгледување од повисок суд, но не биле покренати со правен лек.

Потсетуваме и дека согласно членовите 33, 34-а и 35 од Законот за судовите, предвидено е апелационите судови, Вишиот управен суд и Врховниот суд да одлучуваат во постапки по правни лекови.

Ограничувањето предвидено во Законот за Судскиот совет е со цел Советот да не се впушта во работи кои биле или можеле да бидат предмет на одлучување на повисок суд, односно јасно се утврдува границата на постапување на Советот како орган на судската власт кој не смее да одлучува во работи кои спаѓаат во надлежност на судовите. Смислата на одредбата е сосема спротивна од тврдењето наведено во уставната иницијатива согласно која во овој случај „Советот се воспоставува како вонреден суд бидејќи му е дадена надлежност од процесно-правен карактер, да може суштински да ги испитува одлуките на судовите и врз основа на тие одлуки да отфрла или прифаќа барања кое нешто е во надлежност само на судовите".

Во конкретниот случај, Комисијата на известители е должна од формален аспект да го преиспита барањето дали истото е или можело да биде предмет на одлучување во судска постапка, за што укажуваме дека оспорената одредба е токму во функција на заштита на судската независност и непристрасност во одлучувањето.

Имајќи го во предвид наведеното, оспорената одредба е во согласност со членот 8 став 1 алинеи 1,3,4 и 10, член 9, член 14 став 2 и уставните амандмани XXI, XXV, точка 2 подточка 2, XXVI точка 1 алинеи 6 и 7 и XXIX точка 1 алинеи 4 и 5 од Уставот на Република Северна Македонија поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на истата.

<u>Точка 56</u>

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.123/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став 5 точка 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019), поднесена од Ванчо Велинов од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Според наводите во Иницијативата, подносителот смета дека членот 62-а, став 5 алинеја 4 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/2008, 53/2011, 123/2012, 70/2013, 164/2013, 138/2014, 154/2015, 192/2015 и 39/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019) која се однесува на тоа објектот за технички преглед на возила да не бил користен од правно лице на кое му било одземено овластувањето за вршење на технички преглед на возила во последните три години, е во спротивност со член 30 ставови 1 и 3 на Уставот на Република Северна Македонија од причини што оваа законска одредба го ограничува правото на сопственост и правата кои произлегуваат од него.

Согласно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од Законот за возила не е во спротивност со членот 30 ставови 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија и дека наводите на подносителот на Иницијативата не се основани од следните причини:

Во членот 64 од Законот за возила, утврдени се условите кои треба да ги исполнува правното лице за да може да добие овластување за вршење на технички преглед на возила од Министерството за внатрешни работи, согласно кој покрај останатите услови предвидено е правното лице да поседува и објект со намена - станица за технички преглед на возила.

Во членот 62-а став 5 од законот, предвидени се доказите кои треба правното лице да ги достави (заедно со барањето) до Министерството за внатрешни работи за да може да отпочне постапка за добивање на овластување за вршење на технички преглед на возила.

Во оваа смисла, се потенцира дека одредбата од членот 62-а став 5 алинеја 4 се однесува на условите кои треба да ги исполнува правниот субјект за да отпочне постапка за добивање на овластување за вршење на технички преглед на возила. Оваа одредба од законот воопшто не го ограничува правото на сопственост на објектот и правата кои произлегуваат од него, односно без разлика дали објектот бил претходно користен од правно лице на кое му било одземено овластувањето за вршење на технички преглед или не, правото на сопственост останува неприкосновено и непроменето.

Одземањето на овластувањето за вршење на технички преглед на возила согласно членот 65 став 2 од Законот за возила, покрај другото, настанува тогаш кога овластеното правно лице престанало да ги исполнува условите за вршење на работите утврдени согласно одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и ако своите работи не ги извршува во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон. Имајќи го предвид наведеното, овластувањето за вршење на технички преглед на возила не се одзема доколку правните лица постапуваат согласно прописите од конкретната област и техничките прегледи ги вршат стручно и професионално.

Во тој контекст, условот наведен во членот 62-а став 5 алинеја 4 од Законот за возила претставува мерка со која во одреден временски период правното лице на кое му е одземено овластувањето за вршење на технички преглед на возила не може да врши ваква дејност во објектот-станица за технички преглед на возила. Оваа мерка секако дека не значи ограничување на правото на сопственост на објектот бидејќи Министерството за внатрешни работи не врши физичко затворање на објектот, туку сопственикот на објектот може истиот и понатаму да го користи за други намени кои потпаѓаат во таа класа на намени Е-2 (на пример: услужни центри, технички служби и сл.) или да се изврши пренамена на истиот во друга класа на намена или компатибилна класа на намена (на пример: сервис на возила, сервис за вградување на плински системи и сл.).

Во делот од предметната Иницијатива кој се однесува на плаќањето на годишниот данок на имот и данок на добивка, се укажува дека оваа материја е уредена со посебен закон. Доколку објектот добие друга намена согласно настанатата промена, соодветно ќе се плаќа и данок на имот, односно данок на добивка, за што нема потреба од менување на било која друга законска регулатива.

Во оваа смисла, се укажува дека согласно постојната законска регулатива не значи дека секој сопственик на објект со намена станица за технички преглед на возила, задолжително треба да добие и овластување за вршење на технички преглед на возила. Како што и претходно беше посочено, за добивање на овластување за вршење на технички преглед на возила, правното лице треба да исполнува поголем број на услови, не само од аспект на простор, туку и соодветна опрема и уреди, соодветен стручен кадар, осигурување и сл.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 35 став (5) алинеја 4 од Законот за изменување и

дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019), поднесена од Ванчо Велинов од Скопје.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска-Аџиска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.284 за КО Берово на КП бр.3881 викано место/улица Манакија и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист Бр.8129, КП бр.4810 за КО Ресен, доставена од нотар Николче Павловски од Ресен и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5197 за КО Сингелиќ 1 на КП бр. 2177 викано место/улица Спиро Црне и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 60**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111601 за КО Центар 1 на КП бр.10916/1 и КП бр.10916/3 викано место М.Т .Гологанов, Имотен лист бр. 111602 за КО Центар 1 на КП бр. 10918/1 и КП бр. 10918/3, викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр.111604 за КО Центар 1 на КП бр. 10939, викано место М. Т .Гологанов, Имотен лист бр. 111599 за КО Центар 1 на КП бр. 10922/1 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111587 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/2, КП бр. 10914/6, КП бр. 10914/7 и КП бр. 10914/8 викано место И.Р. Лола, Имотен лист бр. 111600 за КО Центар 1 на КП бр. 10923/1 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111592 за КО Центар 1 на КП бр. 10911/9 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр.111590 за КО Центар 1 на КП бр. 10941/2, КП бр. 10941/4 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111596 за КО Центар 1 на КП бр. 10917/1 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111586 за КО Центар 1 на КП бр. 10901/6 викано место И.Р. Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/5 викано место И. Р. Лола, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/16, КП бр. 10913/25, КП бр.10913/26 и КП бр. 10913/30 викано место И. Р. Лола, Имотен лист бр. 111591 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/3 и КП бр. 10915/5 викано место И. Р. Лола и Имотен лист бр. 111581 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/2, за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави мислење по Понудата.

## Точка 61

1. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје, од должноста член на Управниот одбор да го отповика Ремзи Абдулахи (поради именување на друга функција), а за член на Управниот одбор на друштвото да го избере Елвир Зендели.

2. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост за член на Управниот одбор и директор за развој и инвестиции, да го избере Благој Гајдарџиски.

## Точка 62

1. Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 14 октомври 2019 година до 20 октомври 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија

3. Владата во врска со Извадокот од Нацрт - записникот од 150-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 август 2019 година по Информацијата за превентивни мерки кои ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на болеста африканска чума кај свињите (точка 19) ги задолжи Министерството за финансии, Царинската управа, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за шумарство и ловство, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, Агенцијата за храна и ветеринарство, Министерството за одбрана, Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа, во рок од 15 дена до Владата да доставaт информација во која ќе наведат степен на реализација на донесените заклучоци.

4. Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

5. Владата на предлог на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, го задолжи Министерството за економија, во рок од 7 дена, да ја информира Светска банка дека Националниот фонд за енергетска ефикасност кој треба да се формира врз основа на Законот за енергетска ефикасност кој е утврден на 158 седница на Владата на

Република Северна Македонија, одржана на 8 октомври, ќе се воспостави во рамките на Македонската банка за поддршка и развој.

6. По повод чествувањето на државниот празник „Ден на македонската револуционерна борба" - 23 Октомври, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија во состав:

- Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и
- Стојанче Ангелов, национален координатор за воени и полициски ветерани,

да положи свежо цвеќе на споменикот „Гоце Делчев" во Градски парк- Скопје, на 23 октомври во 11 часот.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди свежо цвеќе, цветно уредување на споменикот и печатење и курир достава на покани.

3. Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да ангажира гардисти и да обезбеди опрема за положување на свежо цвеќе (тепих, сталаци, државчи, македонски знамиња).

4. Се задолжува Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија да подготви покани и да извести за активноста.

5. Се задолжува Службата за протокол на Владата на Република Северна Македонија да го покани државниот врв и дипломатскиот кор, да подготви пресеанс листа и да го координира положувањето свежо цвеќе.

7. По повод, Барањето на Државниот инспекторат за земјоделство, а во врска со задолжението по Точка 126 - Информација со список за сите земјоделски култури за кој треба да се направат заострени контроли за евентуална злоупотреба на финансиска поддршка од 150 седница на Владата, во однос на предложениот рок Владата заклучи истиот да се продолжи за 10 дена.

8. Министерот за образование и наука д-р Арбер Адеми ги информираше членовите на Владата во врска со процесот на вакцинација и уписот на првачиња во основните училишта во учебната 2019/2020 година.

**<u>Точка 63</u>**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за септември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1.1.2019 година до 31.3.2019 година, со Мислење од Надзорен одбор за материјално-финансиско работење и Одлука од Управен одбор, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1.4.2019 година до 30.6.2019 година, со Мислење од Надзорен одбор за материјално - финансиско работење и Одлука од Управен одбор, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата го задолжи Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. во рок од 30 дена до Владата да достави Акциски план за подобрување на состојбата на претпријатието.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за мерките што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на класична чума кај свињите во Република Северна Македонија за период од 1.2.2019 до 31.7.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за мерките што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на класична чума кај свињите во Република Северна Македонија за периодот 1.7.2018 година - 31.1.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2018 година ДП.Бр.02-271/19, како материјал за информирање, без образложениeто содржано во него.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план за 2019 - 2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012 - 2020 година (за период јануари - јуни 2019 година), како материјал за информирање, со заклучок Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Центарот за стручно образование и обука - Скопје да достават мислење по материјалот.

## Точка 70

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за запознавање со состојбата во врска со процесот на проценка и утврдување на висината на штетата настаната на движниот и недвижниот имот на подрачјето на Охридскиот и Струшкиот регион на 17 март 2018 година заради неповолни климатски настани, поради потребата да се подготват конкретни Предлог-заклучоци по материјалот.

## Точка 71

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на движни опасни и експлозивни ствари, како материјал за информирање.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на постапките за преземање на вработените од Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците во институции од јавен сектор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државната управа кои не започнале постапки за преземање, во најкраток можен рок да започнат постапки за преземање на вработените од Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, а доколку органите на државната управа немаат соодветни слободни работни места во рок од 10 дена да ги усогласат правилниците за систематизација на работните места.

2. Се препорачува на останатите институции на јавниот сектор кои не започнале постапки за преземање, во најкраток можен рок да започнат постапки за преземање на вработените лица од Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, а доколку институциите на јавниот сектор немаат соодветни слободни работни места во рок од 10 дена да ги усогласат правилниците за систематизација на работните места.

3. Се препорачува на трговските друштва кои не започнале постапки за преземање, во најкраток можен рок да започнат постапки за преземање на вработените лица од Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација по добиеното барање на согласност за преземање, во рок од пет работни дена да издаде согласности за трајно преземање на вработените од институциите од јавниот сектор.

5. Се задолжува Министерството за финансии, по добиено барање за обезбедување на финансиски средства во рок од пет работни дена да издаде известување за обезбедени финансиски средства на институциите од јавниот сектор, доколку средствата се обезбедени во буџетот на институцијата.

6. Се задолжува Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците месечно да ја информира Владата на Република Северна Македонија за статусот на преземени административни службеници.

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности , во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за субвенционирање на дел од трошоците за купување и вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст

**Точка 76**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за давање на заем на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за сузбивање на даночна евазија во Е-трговијата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да формира работна група, а Царинската управа, Управата за јавни приходи, Финансиската полиција, Државниот пазарен инспекторат, Агенцијата за пошти, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за внатрешни работи до Министерството за финансии да достават номинација на член и негов заменик во работната група, во рок од три дена.

2. Се препорачува на Народната банка на Република Северна Македонија, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори, Стопанската комора на Северозападна Македонија, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ), Асоцијацијата за Е-трговија на Македонија, Дирекцијата за заштита на личните податоци и

Државниот завод за индустриска сопственост до Министерството за финансии да достават номинација на член и негов заменик во работната група, во рок од три дена.

Точка 78

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, го утврди како закон кој се носи по скратена постапка и со следните заклучоци:

1. Министерството за труд и социјална политика да изврши усогласување на текстот на Предлог-законот со Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

Точка 79

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 161 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19 и 180/19), поднесено од пратеникот Јагода Шахпаска и притоа го утврди следново мислење:

Во делот 6-а - Вработување на здравствените работници, односно здравствените соработници од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19 и 180/19) во член 156 е уредено дека постапката за пополнување на слободно работно место во здравствена установа се уредува на начин што вработувањето на здравствени работници, односно здравствени соработници се спроведува низ транспарентна постапка врз основа на критериумите на стручност и компетентност и примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Со член 161 од Законот за здравствената заштита е уредено дека:
(1) Работоводниот орган на здравствената установа, врз основа на ранг-листа предложена од комисијата за селекција со најмалку тројца кандидати, доколку има повеќе од тројца кандидати кои ги исполнуваат условите, спроведува интервју и донесува одлука за избор на кандидат.

(2) Против одлуката за избор од ставот (1) на овој член незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката преку здравствената установа за чии потреби бил објавен јавен оглас до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(3) Органот од ставот (2) на овој член одлучува по жалбата во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

(4) Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

(5) Против одлуката донесена од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен незадоволниот кандидат има право на тужба пред надлежниот суд.

(6) По завршувањето на постапката за избор работоводниот орган на здравствената установа и избраниот кандидат склучуваат договор за вработување на здравствен работник, односно здравствен соработник.

Според цитираните одредби, како и другите одредби од Законот за здравствената заштита со кои се уредува постапката за пополнување на слободно работно место во здравствена установа постапката на селекција е утврдена со Законот и се состои од проверка на поднесените докази за исполнување на условите за работното место, полагање на тестови и организирање на интервјуа за проверка на кандидатите.

Одредбата од ставот (1) на членот 161 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19 и 180/19) во делот „донесува одлука за избор на кандидат" треба да се толкува како донесување на одлука на работоводниот орган на здравствената установа во постапка спроведена согласно закон. Имено вработувањето на здравствените работници се врши преку објавување на јавен оглас, во транспарентна постапка врз основа на критериумите на стручност и компетентност и примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците која завршува со избор на кандидат за работно место. Изборот на кандидатот се врши врз основа на претходно утврдена ранг-листата на кандидат и кои ги исполнуваат бараните услови на огласот предложена од Комисијата за селекција со најмалку тројца кандидати и се спроведува интервју доколку има повеќе од тројца кандидати кои ги исполнуваат условите. Интервјуто е дел од постапката за пополнување на слободно работно место во здравствена установа. Според тоа, во отсуство на одредба дека изборот се врши согласно редоследот во ранг листата, одлуката за избор на кандидат ја донесува работоводниот орган во рамките на ранг листата и по спроведеното интервју.

Според тоа, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување на одредбата на член 161

став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19 и 180/19).

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:00 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**